Одобрил : УО на ООУ „Страшо Пинџур“ Кавадарци
Претседател:Павлинка Костадинова

Република Македонија
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
"СТРАШО ПИНЏУР"
Бр. 03-721/1
18-12-2018 год
КАВАДАРЦИ

# Е Л А Б О Р А Т

за изведба на показна вежба за заштита од елементарни непогоди
(пожар,земјотрес,поплава)
на ООУ„Страшо Пинџур“ Кавадарци
„Страшо Пинџур 2018“

Датум 18.12.2018

Изработил:
- работна група
- одговорно лице

В.Д Директор
Илинка Бакева

## С П И С О К
на документи во Елаборатот за изведба на показна вежба
за заштита од пожар на ООУ „ Страшо Пинџур “ Кавадарци

| Р.бр. | Назив на документот | Прилог бр. | Број на листови | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | Одлука за спроведување на Показна вежба | 1 | 1 | Донесена од Училишнот одбор на ООУ„ Страшо Пинџур “ Кавадарци |
| 2. | Известување до учесниците на вежбата , одговорните субјекти и медиумите | 2 | 9 | До:ТППЕ,Здравствен дом,Полициска станица,ПОЗС,РЦУК,Каб.На Градоначалник,ТВ,Црвен Крст, |
| 3. | Замисла на активностите | 3 | 1 | |
| 4. | План и скица за евакуација на учениците | 4 | 3 | |
| 5. | Информации и обврски за наставниците | 5 | 1 | |
| 6. | Информации и обврски за учениците | 6 | 1 | |
| 7. | Информации и обврски за директор,админ,тех,персонал | 7 | 2 | |
| 8. | Мерки за безбедност и заштита | 8 | 1 | |
| 9. | Материјално- техничко обезбедување | 9 | 1 | |
| 10. | Анализа на вежбата | 10 | 1 | |

Прилог бр.1

Врз основа на член 39, став1 и 2 и член 122, став 2 од Законот за заштита и спасување (Сл.Весник на Р.М бр.36/04,49/04,86/06,124/10 и 18/11), член 21 од Правилникот за заштита од пожари на ООУ „ Страшо Пинџур “Кавадарци бр.02-327/1 од 29.10.2011 година, Училишниот одбор на ООУ„ Страшо Пинџур “Кавадарци на седницата одржана на 18.12.2018 година донесе

Република Македонија
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
„СТРАШО ПИНЏУР"
Бр. 03-221/1
18-12-2018 год
КАВАДАРЦИ

# О Д Л У К А

## за извршување на показна вежба за заштита од елементарни непогоди (пожар,земјотрес,поплава)

1. На ден 20.12.2018 година од 12:00 до 13:00 часот во ООУ„ Страшо Пинџур “ Кавадарци да се изврши показна вежба за заштита и спасување на вработените и учениците при појава на елементарна непогода (пожар,земјотрес,поплава) во училиштето .

2. Вежбовните активности ќе се спроведуваат во зградата на училиштето и дворот на училиштето.

3. Во Раководството на вежбата се определуваат следните лица:
- За раководител на вежбата се определува В.Д Директорот на ООУ „ Страшо Пинџур “ Кавадарци – Илинка Бакева, за негов заменик лицето Милан Николов и член Трајче Трајков.

4. За изработка на Елаборат за вежбата да се определи посебна работна група која стручна помош ќе побара од ПОЗС-Кавадарци.

5. Учесници во вежбата да се определат во изготвениот елаборат за изведба на вежбата.

6. Со сите учесници да се спроведат навремени подготовки за учество во вежбата и благовремено да се обезбедат потребната опрема и МТС.

7. Се задолжува раководителот на вежбата да превземе дополнителни мерки на безбедност и заштита на објектите и на сите учесници во вежбата .

8. По завршувањето на вежбата со сите субјекти да се изврши кратка анализа и со извештај да се запознаат одговорните субјекти.

Училишен одбор

Претседател:Павлинка Костадинова

Општинско основно училиште „Страшо Пинџур" Република Македонија Кавадарци

Прилог бр.2

# ИЗВЕСТУВАЊА

## ДО УЧЕСНИЦИТЕ НА ВЕЖБАТА И ОДГОВОРНИТЕ СУБЈЕКТИ

2.1.Известување до ТППЕ-Кавадарци.

2.2.Известување до Здравствен дом –Кавадарци.

2.3.Известување до Полициска станица-ОН Кавадарци.

2.4.Известување до ДЗС-Подрачно одделение Кавадарци.

2.5.Известување до РЦУК-Кавадарци.

2.6.Известување до средствата за јавно информирање.

2.7. Известување до Општина Кавадарци – Кабинет на Градоначалник

2.8. Известување до ЈЗУ Општа болница со проширен дејност-Кавадарци

2.9. Известување до К-дантот на ОШЗС-Кавадарци

Република Македонија
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
"СТРАШО ПИНЏУР"
Бр. 03-720/1
17-12-2018 год
КАВАДАРЦИ

До
Територијална ПП единица
Кавадарци

ПРЕДМЕТ: Известување за консултации и учество во вежба

Ве известуваме дека на ден 20.12 .2018 година (четврток) од 12:00 до 13:00 часот ООУ „ Страшо Пинџур "Кавадарци ќе изведе показна вежба за заштита од елементарни непогоди(пожар,земјотрес,поплава) во објектот-кругот на училиштето.

Во рамките на вежбата предвидено е и Ваше учество за гасење на пожар и евакуација на загрозени лица (симулација), со 1 ПП возило и потребна екипа со опрема.

Ве молиме на 20.12.2018 година во 11.00 часот Ваш претставник да присуствува на договорениот состанок за разработување на деталите на вежбата кој ќе се одржи во просториите на училиштето.

ООУ „ Страшо Пинџур "Кавадарци
В.Д Директор
Илинка Бакева

До ЈЗУ
Општа болница
со проширена дејност
Кавадарци

Република Македонија
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
"СТРАШО ПИНЏУР"
Бр. 03-720/1
17-12-2018 год
КАВАДАРЦИ

ПРЕДМЕТ: Известување за консултации и учество во вежба

Ве известуваме дека на ден 20.12.2018 година од 12:00 до 13:00 часот ООУ „ Страшо Пинџур "Кавадарци ќе изведе показна вежба за заштита од елементарни непогоди (пожар,земјотрес,поплава) во објектот-кругот на училиштето.

Во рамките на вежбата предвидена е и активност за давање на прва медицинска помош на повредените лица (симулација), поради што во рамките на законските обврски е планирано и учество на ваша екипа за давање ПМП.

Ве молиме на 20.12.2018 година во 11.00 часот Ваш претставник да присуствува на договорениот состанок кој ќе се одржи во просториите на училиштето.

ООУ „ Страшо Пинџур "Кавадарци
В.Д Директор
Илинка Бакева

Република Македонија
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
"СТРАШО ПИНЏУР"
Бр. 03-720/1
17-12-2018 год
КАВАДАРЦИ

ДО
Полициска станица-ОН
Кавадарци

ПРЕДМЕТ: Известување за консултации и учество во вежба

Ве известуваме дека на ден 20.12.2018 година од 12:00 до 13:00 часот ООУ „ Страшо Пинџур "Кавадарци ќе изведе показна вежба за заштита од елементарни непогоди( пожар,земјотрес,поплава) во објектот-кругот на училиштето.

Потребно е во терминот на одржувањето на вежбата Вашата служба да изврши обезбедување на вежбовната просторија, учесниците и пристапните сообраќајници до објектот-училиштето.

Ве молиме на 20.12.2018 година во 11.00 часот Ваш претставник да присуствува на договорениот состанок кој ќе се одржи во просториите на училиштето.

ООУ „ Страшо Пинџур "Кавадарци
В.Д Директор
Илинка Бакева

Република Македонија
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
"СТРАШО ПИНЏУР"
Бр. 03-720/1
07-12-2018 год
КАВАДАРЦИ

ДО
ДЗС Подрачно одделение
Кавадарци

ПРЕДМЕТ: Известување за давање стручна помош за организирање на показна вежба

Ве известуваме дека на ден 20.12.2018 година од 12:00 до 13:00 часот ООУ „ Страшо Пинџур "Кавадарци ќе изведе показна вежба за заштита од елементарни непогоди (пожар,земјотрес,поплава) во објектот-кругот на училиштето.

Вашето одделение е планирано за давање стручна помош за оформување на концепцијата на вежбата, изработката на планот за изведба и следењето на вежбата.

Ве молиме на 20.12.2018 година во 11.00 часот Ваш претставник да присуствува на договорениот состанок кој ќе се одржи во просториите на училиштето.

ООУ „ Страшо Пинџур "Кавадарци
В.Д Директор
Илинка Бакева

До
Регионален центар за управување со кризи
- Кавадарци

Република Македонија
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
"СТРАШО ПИНЏУР"
Бр. 03-720/1
17-12-2018 год
КАВАДАРЦИ

ПРЕДМЕТ: Известување за присуство на показна вежба;

Ве известуваме дека на ден 20.12.2018 година од 12:00 до 13:00 часот ООУ „ Страшо Пинџур "Кавадарци ќе изведе показна вежба за заштита од елементарни непогоди(пожар,земјотрес,поплава) во објектот-кругот на училиштето.

Ве молиме за Ваше присуство за следење на вежбата.

ООУ „ Страшо Пинџур "Кавадарци
В.Д Директор
Илинка Бакева

До
Општина Кавадарци
за Градоначалникот
Г-дин Митко Јанчев

Република Македонија
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
"СТРАШО ПИНЏУР"
Бр. 03-720/1
17-12-2018 год
КАВАДАРЦИ

ПРЕДМЕТ: Известување за присуство на показна вежба;

Ве известуваме дека на ден 20.12..2018 година од 12:00 до 13:00 часот ООУ „ Страшо Пинџур "Кавадарци ќе изведе показна вежба за заштита од елементарна непогода(пожар,земјотрес,поплава) во објектот-кругот на училиштето.

Ве молиме за Ваше присуство за следење на вежбата.

ООУ „ Страшо Пинџур "Кавадарци
В.Д Директор
Илинка Бакева

Република Македонија
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
"СТРАШО ПИНЏУР"
Бр. 03-720/1
17-12-2018 год
КАВАДАРЦИ

До
Општина Кавадарци
за К-дантот на ОШЗС-Кавадарци

ПРЕДМЕТ: Известување за присуство на показна вежба;

Ве известуваме дека на ден 20.12.2018 година од 12:00 до 13:00 часот ООУ „ Страшо Пинџур “Кавадарци ќе изведе показна вежба за заштита од елементарни непогоди ( пожар,земјотрес,поплава) во објектот-кругот на училиштето.

Ве молиме за Ваше присуство за следење на вежбата.

ООУ „ Страшо Пинџур “Кавадарци
В.Д Директор
Илинка Бакева

До
Црвен Крст
Кавадарци

Република Македонија
Општинско основно училиште
"Страшо Пинџур"
Бр. 03-720/1
17-12-2018 год
КАВАДАРЦИ

ПРЕДМЕТ: Известување за присуство на показна вежба;

Ве известуваме дека на ден 20.12.2018 година од 12:00 до 13:00 часот ООУ „„ Страшо Пинџур "Кавадарци ќе изведе показна вежба за заштита од елементарни непогоди ( пожар,земјотрес,поплава) во објектот-кругот на училиштето.

Истовремено Ве известуваме да ни овозможите тим од 7 наши ученици а Ваши волонтери за показната вежба со конкретни задачи (давање прва медицинска помож,преврски на изгореници , и слично)

Ве молиме за Ваше присуство за следење на вежбата.

ООУ „ Страшо Пинџур "Кавадарци
В.Д Директор
Илинка Бакева

Република Македонија
Општинско основно училиште
"Страшо Пинџур"
Бр. 03 – 720/1
17 – 12 – 2018 год
КАВАДАРЦИ

До
КТВ-Кавадарци

ПРЕДМЕТ: Известување за присуство на показна вежба;

Ве известуваме дека на ден 20.12.2018година од 12.00 до 13.00 часот ООУ „ Страшо Пинџур "Кавадарци ќе изведе показна вежба за заштита од пожар во објектот-кругот на училиштето.

Ве молиме за Ваше присуство за следење на вежбата.

ООУ „ Страшо Пинџур "Кавадарци
В.Д Директор
Илинка Бакева

Прилог бр.3

## 1.Цел на вежбата и замисла на активностите

1.1.Цел на вежбата:
Увежбување на правилно постапување на вработените, припадниците на Универзалното одделение за заштита и спасување и учениците во случај на појава на пожар:
-Вршење на евакуација (поместување на безбедно место) на учениците, вработените и затекнатите странки;
-Употреба на заштитни средства и опрема;
-Давање прва медицинска помош;
-Исклучување на електричното напојување во училиштето;
-Увежбување на координација на одговорните лица на училиштето со учесниците на вежбата и одговорните субјекти за заштита и спасување: ТППЕ, ПС-Кавадарци, Медицински центар Кавадарци , ПОЗС и др.

1.2.Замисла:
-Пожарот настанал на втори спрат на источната страна (канцеларија на секретар ) во училиштето во 12.00 часот на 20.12.2018година.
-Причина за настанувањето на пожарот е непозната (најверојатно поради неисправна електрична инсталација) .
-Од пожарот се зафатени: наведената канцеларија и дел од ходникот (врати, прозори, биро и др.)
-Поради проширување на пожарот спречен е излезот на училницата бр.1 до канцеларијата на секретарите, при што привремено е заробена група од 4-5 ученици,1 наставник и секретар (кои држеле настава ), кои треба да се евакуираат. Со повреди се здобиени и ученици од училницата бр.1 на втори спрат
-Едно лице во ходникот на спратот е во безсознание (поради гушење), две имаат здобиено помали повреди на главата и екстремитетите, а едно има здобиено помали изгореници.

1.3.Учесници во вежбата:

Екипа на вработени од ООУ:
- Директорот на ООУ„Страшо Пинџур";
- одговорното лице за Заштита и Спасување;
- 12 наставници;
- Технички персонал
- Ложачот на парни котли на училиштето;
- 1 екипа од 5 припадници на Универзално одделение (наставници) за Заштита и Спасување;
- 1 екипа од ученици за давање ПМП (со курс завршен од Ц.Крст)
- 12 одделенија на ученици (шест од први спрат и шест од втори спрат)

Екипа на ТППЕ Кавадарци :
- Командирот на ТППЕ
- 10 пожарникари со 2 ПП возила;

Екипа на Медицински центар-Кавадарци: 1 лекар,1 медицинска сестра со 1 возило и потребната опрема за давање ПМП;
Екипа на Полициска станица-Кавадарци: 2 полицајци со 1 возило

Прилог бр.4

# ПЛАН И СКИЦА ЗА ЕВАКУАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ЦЕНТРАЛНО УЧИЛИШТЕ

## 1 <u>Спрат</u>

- Училница 1 и 2 (до педагог) излегуваат први на службен излез и се упатуваат со наставникот на игралиштето,на претходно обележано место

- Училница 6,5,4 и 3 излегуваат на излезот за ученици по истиот редослед и се упатуваат на игралиштето заедно со наставниците на претходно обележано место

  - Во ходникот за време на евакуацијата е присутен наставник и лице од обезбедувањето, кои координираат со наставниците за редоследот на излегувањето ,а откога ќе излезат сите ученици и наставници ги проверуваат сите простории,вклучувајќи ги и тоалетите

1- Спрат централно скица за евакуација во случај на пожар



## 2 Спрат

- Училница 1и 2 (до директорот) излегуваат први по скалите надолу и движејќи се по стрелките се упатуваат директно кон службениот излез и се упатуваат заедно со наставникот на игралиштето на одбележаното место
- Училница 3,4,5 и 6 исто излегуваат по скалите и се упатуваат на службениот излез од каде се упатуваат на игралиштето во присуство на наставникот

- Во ходникот за време на евакуацијата цело време е присутен наставник и лице од обезбедувањето и координираат со наставниците околу редоследот на излегување на учениците
- Откога ќе излезат учениците,просториите ги напуштаат директорот и администрацијата
- Одговорниот наставник и обезбедувањето ги проверуваат сите простории,вклучувајќи ги и тоалетите

II Спрат централно скица за евакуација во случај на пожар



**Подрум**

- Просторија 3,кујна 1,канцеларија за наставници 2,кабинет по физичко 4.
- По овој редослед ќе се излегува од подрумот и директно на излезот за игралиштето

- Откога ќе излезат сите ученици и наставници/персонал,еден од наставниците кој ќе биде присутен цело време во ходникот,ги проверува сите простории и излегува надвор на игралиштето

- Учениците кои ќе се затекнат во овие простории кујна/кабинет по информатика го почитуваат истиот редослед и постапуваат со постројување по двајца и без паника и трчање по даден сигнал од наставникот ги напуштаат просториите и се упатуваат на одреденото место на игралиштето



Прилог бр.5

## ИНФОРМАЦИИ И ОБВРСКИ ЗА НАСТАВНИЦИТЕ ВО СЛУЧАЈ НА ЕЛЕМЕНТАРНА НЕПОГОДА (ПОЖАР,ЗЕМЈОТРЕС,ПОПЛАВА) И ЕВАКУАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ

- Наставникот откога ќе го слушне сигналот за елементарна непогода(пожар,земјотрес,поплава),ги информира учениците дека во моментот треба да се евакуираат.Според тоа треба да ги почитуваат правилата за евакуација и безбедно да излезат во училишниот двор.

- Наставникот им укажува на учениците дека треба да се наредат во колона по двајца,да си земат со себе што им е најпотребно и без паника и викање да чекаат пред вратата се додека тој не им даде сигнал да излегуваат.

- Наставникот е должен да стои пред вратата од училницата и да се координира со другите колеги,за кога да ги пропушти своите ученици и да ги упати кон игралиштето.

- Излезот од училниците ќе се одвива по дадениот редослед и определен излез од училиштето,според скицата која е закачена во ходниците на самото училиштето.

- Наставникот ги спроведува учениците до игралиштето во колона по двајца и не им дозволува да се оддалечуваат од своето место каде што ќе застанат.

- По завршување на акцијата доколку имаат услови,наставникот во координација со колегите и лицата одговорни за справување со елементарни непогоди ги спроведуваат учениците по истиот редослед и без трчање и викање назад во училниците

Прилог бр.6

## ИНФОРМАЦИИ И ОБВРСКИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО СЛУЧАЈ НА ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ (ПОЖАР,ЗЕМЈОТРЕС,ПОПЛАВА) И ЕВАКУАЦИЈА

- Секој ученик е должен да ги почитува,постапува и придржува кон правилата на училиштето и инструкциите дадени од наставникот при евакуација во случај на елементарна непогода (пожар,земјотрес,поплава)

- Ученикот откога ќе ја слушне сирената/алармот во училиштето,без паника и викање станува од своето столче и застанува во колона по двајца,наредени во училницата и чекаат сигнал од наставникот за излегување по дадениот редослед.

- Кога излегува од училницата се движи по правецот кој го укажува наставникот и без трчање и викање се упатува исто во колона по двајца кон излезот за ученици кон игралиштето во школскиот двор.

- Движејќи се во колона по двајца,секој ученик си застанува на игралиштето заедно со своето одделение и не смее да се оддалечува или напушта местото се до наредна информација од наставникот.

- Откога ќе биде безбедно и наставникот им каже дека може да се вратат во училницата,тие исто така како што излегоа на истиот начин,двајца по двајца,без трчање и викање во придружба на наставникот се враќаат назад во училиштето.

Прилог бр.7

# ИНФОРМАЦИИ И ОБВРСКИ ЗА ТЕХНИЧКИОТ ПЕРСОНАЛ И АДМИНИСТРАЦИЈА ВО СЛУЧАЈ НА ЕЛЕМЕНТАРНА НЕПОГОДА (ПОЖАР,ЗЕМЈОТРЕС,ПОПЛАВА) И ЕВАКУАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ

## Директор на училиштето:

- Должностите на директорот на училиштето во случај на елементарна непогода (пожар,земјотрес,поплава) се, да биде постојано во координација со тимот,кој е одговорен за евакуација на учениците и да се грижи безбедно сите ученици да се евакуираат од училиштето.
- Телефонски да ги извести надлежните служби за заштита од елементарни непогоди,како и Брза Помош и Полиција.

## Администрација

- Во координација со директорот на училиштето,ги следат правилата и помагаат во евакуацијата,но истовремено се грижат и за заштита на документацијата и материјалните добра во училиштето.

## Домаќин на училиштето 1

- Го вклучува алармот во училиштето и ги отвара двете крила на вратата од службениот излез
- Ја исклучува струјата во училиштето,доколку има потреба
- Доколку е настанат пожар во координација со наставниците и обезбедувањето,пристапува кон гасење на пожарот со помош на п.п апарат S9 или со помош на вода од ѕидниот хидрант,се до доаѓањето на ТППЕ.

**Домаќин на училиштето 2**

- Ги отвара двете крила од вратата за излез на ученици
- Помага во гасењето на пожарот и евакуација на учениците
- Доколку е зимен период и вклучено е греењето,го исклучува парното и го сопира вентилот за нафта.

**Хигиеничарки**

- Стојат на излезните врати и внимаваат да не се растура редот на учениците или да не се затворат вратите,кои треба да бидат широко отворени.

Прилог бр.8

**2.Мерки за безбедност и заштита**

Пред почетокот и во тек на вежбовните активности треба да се превземат следните мерки за заштита на луѓето и материјалните добра :

- да се забрани движењето на ул ,,Димката Ангелов -Габерот“ и од истата да се отстранат паркираните возила во терминот на спроведувањето на вежбата за безбедно да се одвива движењето на учесниците на вежбата ( ПП возила ,екипи на ПМП и ученици кои се евакуираат. Оваа активност ќе ја извршува ПС Кавадарци во соработка со раководсвото на вежбата.
- Од вработени и ученици физички да се обезбедат сите работни точки и просториите на училиштето, во кои освен планираните учесници да нема присуство на останати лица .
- средствата и материјалите за имитација на пожарот да се поставaт на безбедно место подалеку од други запаливи материи
- сите присутни наставници во училиштето да се задолжат да ги запознаат учениците кои учествуваат во вежбата и останатите ученици кои се на настава да се спречи страв и паника да не дојде до несакани последици .
- „да се исклучи“ електричната инсталација и електричните уреди кои во моментот на појавата на пожарот се вклучени .
- да се провери исправноста на ПП апарати , хидранти и друга опрема за гасење на пожари кои ги има во училиштето .
- да се превземат мерки за можни намерни однесувања на поединци
- раководството на вежбата пред почетокот на истата да ги изврши сите потребни проверки и благовремени да ги отстрани евентуалните недостатоци.

Прилог бр.9

## 3.Материјално-техничко обезбедување(МТС)

За реализирање на вежбата треба да се обезбедат следните МТС:

- Натписни табли (ознаки) на работните точки......................бр.5
- Сирена...........................................................................бр.1
- Димни влошки..................................................................бр.2
- ППапарати .......................................................................бр.1
- Хидранти..........................................................................бр.1
- ПП возило со комплет опрема(скали,јажина...)...................бр.1
- Санитетско возило со опрема за ПМП.................................бр.1
- Санитетска носилка.............................................................бр.2
- Шаторски крила..................................................................бр.4
- Заштитни маски...................................................................бр.2
- Завои разни.........................................................................бр.20
- Марама триаголна
  (од Ц.крст или од ПОЗС)....................................................... бр.4
- Санитетски торби...................................................................бр.1

Прилог бр.10

**4.Анализа на вежбата**

Се врши веднаш по завршување на вежбата во 13:30 часот со следната содржина:
-Анализа на реализацијата на вежбата;
-Покажани позитивни и негативни страни;
-Покажани искуства за евентуално дополнување на постоечкиот План за заштита од елементарни непогоди(пожар,земјотрес,поплава).